СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 18/23

Излегува по потреба 14.12.2023 год. (четврток) бр. 18 година XXVII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-105/8 од 31.01.2023 година

1. Се прогласува Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-105/8 од 31.01.2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/1
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019) и врз основа на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уредност („Сл. весник на РМ бр. 16/2022), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 11.12.2023 донесе:

Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-105/8 од 31.01.2023 година

1.Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година, бр. 14-105/8 од 31.01.2023 г.

2. Во програмата во членот 29 во делот Деловни објекти се додаваат нови подточки и тоа :
- За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори(биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година,помножена со коефициентот од 0.01
- За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија(ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

3. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-860/4
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година

1. Се прогласува Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/2 Општина Новаци
14.12.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 26 и 27 од Законот за даноците на имотот (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и 151/21), член 12 и 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 54/12, 142/14 и 7/13) и член 21 и 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци ” бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 11.12.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година

Член 1

Со оваа одлука се определува пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по катастарски општини.

Член 2

Пазарната вредност на градежно земјиште по зони во денари по квадратен метар ќе изнесува:

1.	ПРВА ЗОНА	с.Новаци	500ден./м^2
2.	ВТОРА ЗОНА	с.Добромири,с.Гермијан с.Рибарци	300ден./м^2
3.	ТРЕТА ЗОНА	с.Г.Агларци,,с.Д.Агларци,с.Далбеговци,с.Бач, с.Живојно,с.Гнеотино	250ден./м^2
4.	ЧЕТВРТА ЗОНА	с.Брод,с.Добровени,с.Сливица,с.Скочивир с.Д.Орехово,с.Мегленци,с.Арматуш,с.Суводол	200ден./м^2
5.	ПЕТТА ЗОНА	с.Маково,с.Рапеш,с.Орле	150ден./м^2
6.	ШЕСТА ЗОНА	с.Старавина,с.Градешница	130ден./м^2
7.	СЕДМА ЗОНА	с.Будимирци,с.Груништа,с.Грумази с.Гнилеж,с.Врањевци	100ден./м^2
8.	VIII ЗОНА	с.Петалино,с.Совиќ,с.Зовиќ1,с.Зовиќ2,с.Полог, с.Параловос.Новосело,с.Ивени,с.Балдовенци, с.Биљаник,с.Велесело,с.Брник,с.Тепавци	70ден./м^2

Член 3

Пазарната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини во денари по квадратен метар ќе изнесува:

ПАЗАРНА ЦЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ :

Катастарска општина	Класа 1 (ден./м^2)	Класа 2 (ден./м^2)	Класа 3 (ден./м^2)	Класа 4 (ден./м^2)	Класа 5 (ден./м^2)	Класа 6 (ден./м^2)	Класа 7 (ден./м^2)	Класа 8 (ден./м^2)
КО Арматуш	50	40	30	30	20	15	15	15
КО Балдовенци	40	30	30	20	20	15	15	15
КО Бач	70	60	60	40	40	15	15	15
КО Биљаник	90	70	60	40	40	15	15	15
КО Брник	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Брод	80	60	60	50	45	15	15	15
КО Будимирци	40	40	30	30	25	15	15	15
КО Велесело	40	40	30	20	20	15	15	15
КО Врањевци	70	50	50	40	30	15	15	15
КО Гермијан	70	60	60	50	40	15	15	15
КО Гнеотино	60	50	50	40	35	15	15	15
КО Гнилеж	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Г.Агларци	60	50	50	45	30	15	15	15
КО Градешница	60	50	50	45	30	15	15	15
КО Грумази	40	30	30	25	25	15	15	15
КО Груништа	40	30	25	20	20	15	15	15
КО Далбеговци	60	50	40	30	30	15	15	15
КО Добромири	80	60	50	45	40	15	15	15

КО Д.Агларци	80	60	50	45	40	15	15	15
КО Д.Орехово	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Живојно	60	50	45	40	30	15	15	15
КО Зовиќ 1	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Ивени	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Маково	45	35	30	25	25	15	15	15
КО Мегленци	45	35	30	25	25	15	15	15
КО Новаци	100	90	85	70	60	15	15	15
КО Новосело	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Орле	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Паралово	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Полог	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Рапеш	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Рибарци	80	70	60	55	50	15	15	15
КО Скочивир	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Сливица	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Совиќ	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Старавина	50	40	30	25	25	15	15	15
КО Суводол	50	40	30	25	25	15	15	15
КО Тепавци	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Зовиќ 2	40	30	30	25	20	15	15	15
КО Петалино	40	30	30	25	20	15	15	15

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа Одлука,престанува да важи Одлуката за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршените купопродажби во претходната година бр. 07-161/11 од 26.02.2013.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

1.Се прогласува Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/3
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,, бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18,244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12,192/15,167/16,151,21), Советот на општина Новаци на седница, одржана на 11.12.2023година, донесе:

О Д Л У К А

За пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци во делот на Основен Буџет за 2023 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма	**Буџет**	**Донации**	**Самоф.**	**Дотации**	**Кредити**
Потставка					
H1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ					
401320 Персонален данок на доход од надомес.				73.326,00	
404110 Надомест за годишен одмор				540.000,00	
421110 Ел.енергија				-100.000,00	
421220 Дрва				-100.000,00	
421240 Течни горива				-260.000,00	
421410 Горива и масла(моторни возила)				-119.326,00	
424210 Одржување на згради				-23.000,00	
425490 Други здравствени услуги				-11.000,00	
B1 Детски градинки					
404110 Надомест за годишен одмор				-7.777,00	
401320 Персонален данок на доход од надоместоци				7.777,00	
H1 Основно образование					
404110 Надомст за годишен одмор	-166.000,00				
EA Капитални расходи на општината					
482720 Изградба на капацитети за водоснабдув.	-200.000,00				
E0 Општинска администрација					
427110 Привремени вработувања	366.000,00				

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2023 година.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година

1.Се прогласува Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/4
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 г. и Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-11297/1 од 15.10.2020 г. и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 11.12.2023 година даде:

МИСЛЕЊЕ
за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година

Образложение

ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, до Советот на Општина Новаци, достави Програма 03-397/1 од 17.11.2023г. за изведување на еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебна 2023/2024 година, за добивање на позитивно Мислење.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци и даде позитивно мислење на истата.

Бр.14-860/7
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ„Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година

1.Се прогласува Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ„Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/5
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 г. и Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-11297/1 од 15.10.2020 г. и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 11.12.2023 година даде:

МИСЛЕЊЕ
за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година

Образложение

ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, до Советот на Општина Новаци, достави Програма 03-397/1 од 17.11.2023 г. за изведување на дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебна 2023/2024 година, за добивање на позитивно Мислење.
Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци и даде позитивно мислење на истата.

Бр.14-860/8
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ„Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година

1.Се прогласува Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/6
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 г. и Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на изведувањето на училишните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-11297/1 од 15.10.2020 г. и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 11.12.2023 година даде:

МИСЛЕЊЕ
за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година

Образложение

ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, до Советот на Општина Новаци, достави Програма 03-397/1 од 17.11.2023г. за изведување на тродневна екскурзија со учениците од деветто одделение од ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебна 2022/2023 година, за добивање на позитивно Мислење.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци и даде позитивно мислење на истата.

Бр.14-860/9
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

1.Се прогласува Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/7
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09), член 14 став 1, член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 12 став 1, член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 11.12.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола, воспоставена со:

Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци бр.14-357/14 од 03.04.2018год. и Договор бр.03-200/5 од 17.04.2018год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-123/39 од 30.01.2019 год. и Анекс Договор бр.03-198/1 од 07.02.2019 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-965/9 од 26.11.2019 год. и Анекс Договор бр.03-198/3 од 30.12.2019 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-792/16 од 30.12.2020 год. и Анекс Договор бр.03-807/1 од 31.12.2020 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-1079/8 од 29.12.2021 год. и Анекс Договор бр.03-88/1 од 24.01.2022 год.;

Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола бр.14-1080/21 од 27.12.2022 год. и Анекс Договор бр.03-192/1 од 17.02.2023 год., заклучно со 31.12.2024 година.

Член 2

За продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа Одлука, двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици)

1.Се прогласува Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици), што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/8
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/02), и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци,,бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 11.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици)

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќни празници и празникот Богојавление (Водици), и тоа за набавка на:
- Новогодишна елка со украси
- Новогодишно украсување на општинскиот двор и центрите во населените места во општина Новаци
- Календари, пенкала, запалки
- Роковници, новогодишни честитки
- Новогодишни пакетчиња за децата до 15 годишна воздраст на вработените во општина Новаци и членовите на Советот
- Новогодишни пакетчиња за учениците во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци и подрачните училишта
- Новогодишни пакетчиња за деца до 15 годишна воздраст на социјално загрозени семејства
- Новогодишни пакетчиња за деца од ЈОУДГ „Бамби“- Новаци
- Лицата што ќе го фатат крстот за празникот Богојавление (Водици), ќе добијат парична награда во износ од 6.000,00 денари (нето износ)
- Изработка (печатење) на рекламен материјал и други печатарски услуги.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-860/11
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола

1.Се прогласува Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/9 Општина Новаци
14.12.2023 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 11.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна финансиска помош на Здружението на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола, за организирање на спортски активности на ветерани, помош и заштита на поранешни фудбалери на ФК „Пелистер“ и промовирање и унапредување на фудбалот.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 10.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола
Жиро сметка 290000002365881
Депонент ТТК Банка АД Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-860/12 Совет на Општина Новаци
11.12.2023г. Претседател
Новаци Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Се прогласува Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/10
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 21 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) , 21 став 1 точка 49 од од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци бр.7/19 ”), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на Р.М.” бр. 56 /11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Градоначалникот ја предлага на Советот на Општина Новаци на седницата која ќе се одржи на ден 11.12.2023 година да ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.3 и бр.4 индивидуална семејна куќа и помошен објект опишан во Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект , етажен премер и снимање габарит, со имотен лист за земјиштето на кое се изградени бесправните објекти, со Дел. Бр. 08-221/3 од 10.06.2016 година изработен од Дооел ,, Нова 2006,, од Битола, по барање на Оливер Јолевски од с. Добромири, со бр. 09-62 од 16.03.2016 година ,и барањето за промена на барател од Борче Јолевски од с. Добромири , со бр. 09-62 од 27.11.2023 година

Член 2

За с. Добромири, Општина Новаци нема изработено урбанистичко - планска документација.

Доколку барателот, пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци, поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци”.

Бр.14-860/13
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Заклучок за усвојување на Барање од МЗ Далбеговци

1.Се прогласува Заклучок за усвојување на Барање од МЗ Далбеговци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 11.12.2023 год.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-894/11
14.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) и Барање од МЗ Далбеговци, бр. 03-874/1 од 11.12.2023 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 11.12.2023 година донесе:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Барање од МЗ Далбеговци

1. Со овој Заклучок, се усвојува Барањето од МЗ Далбеговци, за подобрување на уличното осветлување, решавање на проблемот со чест прекин на осветлувањето, односно поставување нова инсталација, самонослив кабел и граничници.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-860/14
11.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-105/8 од 31.01.2023 година;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
Заклучок за прогласување на Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година;
4. Заклучок за прогласување на Мислење за Програмата за начинот на изведување научилишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година;
5. Заклучок за прогласување на Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2023/2024 година;
6. Заклучок за прогласување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола;
7. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова Година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици);
8. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола;
9. Заклучок за прогласување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација;
10. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Барање од МЗ Далбеговци.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060 **Народна банка на РСМ**
Буџет на Општина Новаци **Д.Б. 4002004169848**
Сметка 749014004563010 **Приходна Шифра 752939**